**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ**
**ВО МАКЕДОНИЈА**

---

# С О П Ш Т Е Н И Е

Демократската партија на Србите во Македонија најостро се спротивставува на одлуката на македонската Влада за формирање и отпочнување со работа на заедничката македонско - косовска техничка комисија за демаркација на границата помеѓу Република Македонија и Република Србија на делот со Косово. Со овој акт најгрубо се крши територијалниот интегритет и суверенитет на Република Србија, посебно кога се има во предвид веќе потпишаната спогодба од страна на претседателите на Република Македонија - Борис Трајковски и на Република Србија - Војислав Коштуница, спогодба која е депонирана во Обединетите нации. Повикување од страна на Министерството за надворешни работи на Република Македонија дека тоа се прави согласно планот на Марти Ахтисари во најмала рака е смешно, со оглед дека е општо познато дека таков план, освен во главите на подржувачите на самопрогласената држава Косово не постои, бидејки истиот не е прифатен во Советот за безбедност, кој е единствено меродавен за негова верификација и спроведување.

Демократската партија на Србите во Македининија смета дека уште понелогично е да македонската држава, членка на Обединетите нации, учествува во демаркација на граница кон територија која самата таа не ја признала како држава, посебно имајки го во предвид фактот дека од таму се истакнуваат претензии кон дел на нашата територија. Последиците на овој чин, во односите помеѓу Република Македонија и Република Србија, без сомнение ќе бидат многу сериозни и штетни за државата што не смее да се дозволи.

Демократска Партија на Србите во Македонија
Претседател
Иван Стоилковиќ